Врз основа на член 4, член 5 и член 6 од Правилник за начинот, критериумите и постапката за доделување финансиски средства за програми, проекти и активности од областа на културата од интерес на Град Скопје бр. 08-1828/1 од 13.02.2026 година, а во врска со Програмата за финансирање на јавните установи и активностите од областа на културата од интерес на Град Скопје за 2026 година („Службен гласник на Град Скопје“ бр.14/25), Град Скопје објавува

**ЈАВЕН ПОВИК**
**за доделување финансиски средства**
**за спроведување на програми, проекти и активности од областа на културата**
**од интерес на Град Скопје за 2026 година**

**I**

Предмет на јавниот повик е финансирање на програми, проекти и активности од областа на културата од интерес на Град Скопје за 2026 година.

**II**

Право да учествуваат на јавниот повик имаат физички лица со живеалиште на подрачјето на град Скопје (уметници и самостојни уметници) кои вршат дејност од областа на културата согласно Законот за културата и други позитивни законски прописи во Република Северна Македонија.

Право на учество на јавниот повик имаат и правни лица кои вршат дејност од областа на културата на подрачјето на град Скопје (установи од областа на културата, здруженија на граѓани, невладини организации, фондации и други правни лица кои се регистрирани во Централниот регистар на РС Македонија), согласно Законот за културата и други позитивни законски прописи во Република Северна Македонија.

**III**

Јавниот повик се однесува на финансирање на програми, проекти и активности врз основа на утврдени Цели и критериуми за избор на проекти од областа на културата од интерес на Град Скопје во следните области:

1.1. Изведбени уметности
1.2. Музички уметности
1.3. Визуелни уметности и уметност на новите медиуми
1.4. Издавачка и библиотечна дејност
1.5. Музејска дејност и промоција на културното наследство
1.6. Меѓународна соработка
1.7. Креативни индустрии

**IV**

Барателите се должни да поднесат пријава за финансирање на проекти / програми / активности согласно горенаведените области и согласно Целите и критериумите за избор на проекти од областа на културата од интерес на Град Скопје дадени во прилог на овој повик.

**V**

Пријавите (апликациите) може да се преземат од Официјалната веб страница на Град Скопје www.skopje.gov.mk.

Во прилог на пријавата барателите се должни да ја обезбедат и следнава документација:

**Правните лица** - установи од областа на културата, здруженија на граѓани, невладини организации, фондации и други правни лица да достават:
а) Пополнета пријава/апликација (пријавата ќе биде објавена на веб-страницата на Град Скопје: www.skopje.gov.mk);
б) Копија од Решение за упис во Централен регистар на Република Северна Македонија;
в) Копија од Тековна состојба за регистрирана дејност не постара од шест месеци, издадена од Централен регистар на Република Северна Македонија;
г) Потврда за отворена и активна жиро сметка во банка;
д) Референтна листа за претходно организирани и реализирани програми, проекти, програмски активности и манифестации во последните три години.

**Физичките лица** - уметници и самостојни уметници да достават:
а) Пополнета пријава/апликација (пријавата ќе биде објавена на веб-страницата на Град Скопје: www.skopje.gov.mk);
б) Кратка биографија и CV на апликантот;
в) Доказ за жителство во градот Скопје;
г) Копија од предната страна на трансакциска сметка (исклучиво лична на апликантот, не ополномоштена од трето лице, а доколку апликантот е малолетно лице трансакциската сметка треба да е исклучиво лична на апликантот ополномоштена од родител/старател).

Пријавата, задолжително пополнета електронски и потпишана од барателот (за правните лица и заверена/печатирана), заедно со потребната документација се доставува до архивата на Град Скопје или по пошта на адреса: Бул. „Илинден“ бр.82, 1000 Скопје, најдоцна до 15:00 часот на последниот ден од завршувањето на јавниот повик, во затворен плик со назнака: До Сектор за јавни дејности - Комисија за програми, проекти и активности од областа на културата од интерес на Град Скопје.

**VI**

Средствата за финансирање на програмите, проектите и активностите на барателите се предвидени со Буџетот на Град Скопје за 2026 година.

**VII**

Јавниот повик трае 25 календарски денови од денот на објавување на официјалната веб страница на Град Скопје www.skopje.gov.mk, последниот ден најдоцна до 15:00 часот.

**Напомена:** Рачно пополнетите пријави воопшто нема да бидат разгледувани.

Врз основа на прифатените пријави (апликации) согласно Буџетот на Град Скопје за 2026 година, во зависност од расположливите средства и потребите на Градот

Градоначалникот на Град Скопје на предлог на Комисијата ќе донесе Решение за финансирање на проекти и активности од областа на културата.

Избраните апликанти ќе склучат договор со Град Скопје со кој ќе се регулираат меѓусебните права и обврски.

За пријавите кои не се прифатени, Комисијата ќе ги извести подносителите.

Решението за финансирање на проекти и активности од областа на културата за 2026 година ќе биде објавено на веб страница на Град Скопје www.skopje.gov.mk. во рок од 45 дена од денот на завршување на Јавниот повик.

Дополнителни информации може да се добијат на следните телефони: 02/ 3297-289, 02/3297-243 и на следната мејл адреса kultura@skopje.gov.mk.

Град Скопје